| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Македонско народно творештво |
| **Содржина на денот** | Македонско народно творештво |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Адријана Станков |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно миење на рацете и како можеме да го заштитиме нашето тело со облекување на потопла облека. Да одржуваме физичко растојание со другарчињата во градинка. |
| **Активности** | Слушајте со детето детска песна и еден фрагмент од македонската народна музика. Поттикнете го детето да ја опише разликата помеѓу овие две музики.Покажете му на слики да види како луѓето во минатото се облекувале во македонска народна носјија. Разговарајте за истите,нека се труди детето да го опишува нивниот изглед,шарите и боите. Пуштете му да слушне како гласи изворниот македонски говор,кој што го користеле луѓето во минатото,во меѓусебната комуникација.<br>Обидете се да најдете предмети од минатото во Вашиот дом кои порано се користеле. Направете едено етно катче,и поттикнете го детето да ги именува и опишува предметите. Објаснете му на детето како нив луѓето ги користеле,кое за што служело и направете една споредба со предметите од минатото и сегашноста.<br>Посетете ја страната на Етнолошкиот музеј на нашата земја и разговарајте со Вашето дете за се што ќе видите.<br>Прочитајте му некоја македонска приказна на изворен македонски јазик или гледајте заедно македонска народна приказна. |